Уп. бр. 08-102

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од АЗ ДЕОС, згрижување на стари лица, д.о.о., со седиште на ул. Фајфарјева улица бр.33, 1000, Република Словенија, преку Адвокатско друштво Бона Фиде од Скопје, на седницата одржана на ден 16.07.2025 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која АЗ ДЕОС, згрижување на стари лица, д.о.о., со седиште на ул. Фајфарјева улица бр.33, 1000, Република Словенија ќе стекне контрола над ВИСОКА ШКОЛА ЗА СМЕТКОВОДСТВО И ФИНАНСИИ, ЉУБЉАНА, со седиште на ул.Стегне 21Ц, 1000 Љубљана, Словенија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 16.06.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од АЗ ДЕОС, згрижување на стари лица, д.о.о., со седиште на ул. Фајфарјева улица бр.33, 1000, Република Словенија со која АЗ ДЕОС, згрижување на стари лица, д.о.о., ќе стекне контрола над ВИСОКА ШКОЛА ЗА СМЕТКОВОДСТВО И ФИНАНСИИ, ЉУБЉАНА, со седиште на ул.Стегне 21Ц, 1000 Љубљана, Словенија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

АЗ ДЕОС, згрижување на стари лица д.о.о е друштво со ограничена одговорност, е регистрирано на 16.07.2021 година, со основна дејност - други претприемачки и деловни консултантски услуги, воглавно во областа на социјалната заштита.

**АЗ ДЕОС, згрижување на стари лица д.о.о.** претставува составен дел од ПРВА ЦАП Групацијата, односно неговите сопственици се јавуваат како сопственици во ПРВА ФИНАНЦЕ д.о.о (PRVA Finance d.o.o.) која пак е сопственик на СКУПИНА ПРВА А.Д, која е пак сопственик на две друштво во Република Северна Макеоднија:

- Друштво за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД Скопје, со регистрирано седиште на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 6-1, кат 2, Скопје и со приоритетна дејностосигурување на живот и
- КБ Прво друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови АД Скопје, со седиште на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 6, Скопје и со приоритетна дејност-управување со фондови.

**ВИСОКА ШКОЛА ЗА СМЕТКОВОДСТВО И ФИНАНСИИ** е приватна високообразовна установа, којашто врши дејности на приватни високообразовни установи одсносно приватно високо образование од областа на смеководство и финансии.

Установта Висока школа за сметководство и финансии нема дирекнто и/или индиректно поврзани друштва во Р.С.Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**